Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 40/2021/2
25.03.2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл. 52 алинеја 23 од Законот за високото образование (“Сл.весник. на РМ“ бр. 35/2008) и член 22 и член 27 од Статутот на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, Наставничкиот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје на својата деветта седницата одржана на ден 03.10.2013 го донесе следниот

**П Р А В И Л Н И К**

ЗА УСЛОВИТЕ, КРИТЕРИУМИТЕ И ПРАВИЛАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И СТУДИРАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСИТЧКИ НАУКИ – СКОПЈЕ

ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој Правилник се уредуваат условите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Институтот за оптествени и хуманистички науки – Скопје (Во понатамошниот текст: Институтот).

**Член 2**

Институтот, во рамките на своите оддели: Оддел за родови студии и студии на културата; оддел за општествена филозофија; оддел за применети политики, врши високообразовна дејност за втор циклус на студии и овозможува стекнување на научен назив магистер на науки за областите за кои е акредитиран.

**Член 3**

Студиите од втор циклус на Институтот се организираат во согласност со Законот за високо образование на Република Македонија, Статутот на Институтот и се изведуваат според Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

ОРГАНИЗАЦИЈА И НАДЛЕЖНОСТИ НА ОРГАНИТЕ ОДГОВОРНИ ЗА ВТОРИОТ ЦИКЛУС СТУДИИ

**Член 4**

На Институтот се формира Научно-наставен совет за втор циклус студии кој што се грижи за сите прашања поврзани со организацијата и реализацијата на вториот циклус студии.

**Член 5**

За изведување на студиите Научно-наставниот совет на Институтот:

-Утврдува научни области во кои ќе се организираат втор циклус на студии;

-Утврдува области со листа на предмети, студиски програми и предметни програми (курикулуми);

-Доделува научни и соработнички звања според утврдените критериуми и постапка за избор во звање, согласно Правилникот за критериуми и постапка за избор во звање на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;

-Донесува одлука за распишување конкурс за упис на студенти за втор циклус студии на акредитираните програми на Институтот;
- Се грижи за организација и реализација на студиските програми од втор циклус;
- Носи одлука за прифаќање односно неприфаќање на извештајот за подобност на темата и кандидатот;
- Му предлага на научниот совет да донесе одлука за определување ментор на кандидатот;
- Донесува одлука за премин од една на друга студиска програма и за компатибилност на предметите;
- Се грижи и разгледува и други прашања поврзани со функционирањето на студиите од втор циклус.

**Член 6**

Студиските и предметните програми, условите и постапката за организирање на втор циклус студии, правилата за студирање, како и други работи утврдени со Законот за високо образование, се уредуваат со Одлуката за организирање на втор циклус на студии донесена од Научно-наставниот совет на Институтот.

**Член 7**

Со Научно-наставниот совет раководи Извршниот директор на Институтот.
Научно-настаниот совет одржува редовни седници на советот. Годишната фреквенција на одржани седници на советот зависи од тековните потреби на Институтот, но најмалку еднаш на четири месеци.
Дневниот ред на седниците на советот ги подготвува академскиот координатор во договор со Извршниот директор на Институтот.

УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

**Член 8**

На втор циклус студии на Институтот може да се запише лице кое завршило прв циклус студии, односно додипломски студии и ги исполнува условите предвидени со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, овој Правилник и Конкурсот за упис.
На втор циклус академски студии во времетраење од една година (60 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии, односно додипломски студии во траење од најмалку четири години (240 европски кредити) и ги исполнува условите од став 1 на овој член.
На втор циклус академски студии во времетраење од две години (120 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од три години (180 европски кредити) и ги исполнува условите од став 1 на овој член.
На втор циклус академски студии кои траат две години, можат да се пријават и запишат кандидати со завршени четиригодишни универзитетски (додипломски) студии според студиски програми до денот на влегување во сила на Законот за високото образование и тоа на сродна студиска програма во рамките на научното поле.
На овие студенти, можат да им се признаат најмногу 60 европски кредити, пришто на студентите кои претходно завршиле на иста студиска програма на додипломски студии, по правило, би им се признале повеќе европски кредити во однос на оние студенти кои дипломирале на слична студиска програма во рамките на соодветното научно поле, но најмногу до 60 европски кредити.

**Член 9**

Компатибилноста на студиските програми од прв циклус за упис на втор циклус на студии се утврдува со Одлука на Научниот совет за втор циклус студии.

**Член 10**

Право да се запишат на втор циклус студии имаат и странски државјани кои ги исполнуваат условите утврдени со Закон и овој Правилник.

**Член 11**

Запишувањето на втор циклус студии се врши врз основа на Конкурс кој го објавува Институтот. Бројот на студенти кои можат да се запишат на секоја студиска програма одделно е во согласност со бројот на студенти за кои е добиена акредитација за студиските програми.

**Член 12**

Кандидатите се пријавуваат на објавениот Конкурс со пополнување пријава за упис на втор циклус студии, во согласност со Конкурсот. Со пријавата, кандидатите ја доставуваат и потребната документација наведена во Конкурсот.

**Член 13**

Право за запишување на студиските програми на Институтот имаат студенти кои завршиле студии од најмалку прв циклус во област од полето на општествените и хуманистички науки. Заинтересираните студенти кои завршиле студии во друго научно поле можат да се запишат на акредитираните студиски програми на Институтот со претходно полагање на диференцијален испит, соодветен на студиската програма. Содржината на диференцијалниот испит ја утврдува испитната комисија назначена од Советот. Диференцијалниот испит може да се полага, усно, преку писмена труд или преку тест.

**Член 14**

Одлуката за прием и постапката за запишување на кандидатите во втор циклус студии ја донесува Наставно-научниот совет на Институтот. При еднакви услови, предност имаат кандидатите со повисок просечен успех. За извршениот избор кандидатите се известуваат писмено или по електронски пат.

**Член 15**

Кандидатот којшто смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканот, односно Советот во рок од 24 часа од денот на објавувањето на резултатите.
Одлука по приговорот од став 1 на овој член мора да се донесе во рок од пет работни дена од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.

**Член 16**

Запишаните студенти на втор циклус студии, склучуваат договор за студирање со Институтот. Со договорот поблиску се утврдуваат нивните меѓусебни права и обврски.

**Член 17**

За секој студент во Институтот се води посебно електронско досие и досие во тврда копија. Електронското досие ги евидентира писмените изработки (семинарски трудови, есеи, елаборат за магистерски труд, магистерски труд), документите доставени по електронски пат и оценките од сите положени испити. Досието во тврда копија ја содржи целокупната документација за запишување на студиите. Пријавите за испит, оценките од испитите, писмените изработки, одлуките и сите останати документи на студентот кои се однесуваат на процесот на студирање.

**Член 18**

Студент - гостин може да биде студент од друг универзитет од земјава или од странство кој запишува делови од студиските програми на Институтот.

Статусот на студент - гостин трае најмногу една академска година.
Правата и обврските на студент – гостин и други прашања поврзани со статусот на студентот – гостин се уредуваат со Правилникот за одобрување и пресметување кредити на Институтот за општествени и хуманистички науки –Скопје, согласно европскиот кредит трансфер систем.

СТУДИИ ОД ВТОР ЦИКЛУС

**Член 19**

Институтот за општествени и хуманистички науки-Скопје организира студии од втор циклус. Студиите од втор циклус можат да траат една или две години, односно соодветно да носат 60 или 120 европски кредити.
Времетраењето на студиите зависи од прифатениот систем на прв и втор циклус студии (систем 3+2 или 4+1), пришто вкупниот број кредити што се стекнуваат со завршување на вториот циклус последипломски студии изнесува 300 европски кредити.
Лицето коешто ги завршило студиите од втор циклус на Институтот се стекнува со научен назив – магистер во соодветната научна област.
Во меѓународниот промет и дипломата на англиски јазик, научниот назив по завршување на вториот циклус е „master“ во соодветната научна област.

**Член 20**

Студиските програми од втор циклус се остваруваат врз основа на акредитирани студиски програми кои се во согласност со Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС).

**Член 21**

Студиските програми се реализираат во студиски години и семестари. Во согласност со ЕКТС, обемот на една студиска програма во една студиска година изнесува 60 европски кредити.

**Член 22**

Студентот ги завршил студиите од втор циклус кога ќе ги положи сите испити, ќе ги исполни сите обврски предвидени со студиската програма и ќе изработи и успешно ќе одбрани стручен, односно магистерски труд, односно ќе изработи и/или ќе изведе уметничко дело. Со завршувањето на студиите од втор циклус и освоените кредити од првиот циклус, студентот се стекнува со најмалку 300 ЕКТС-кредити.

**Член 23**

Организацијата на наставата за студиите од втор циклус е утврдена во Упатството за студирање на студии од втор циклус на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

**Член 24**

Наставата на студиските програми, изготвувањето на писмените изработки, вклучително и магистерската теза, полагањето на испитите, одбраната на магистерскиот труд можат да се изведуваат на македонски или на англиски јазик.

ФИНАНСИРАЊЕ НА СТУДИИТЕ ОД ВТОР ЦИКЛУС

**Член 25**

Вториот циклус универзитетски студии се финансира со средства на студентите.
Висината на средствата ја утврдува извршниот директор на Институтот.
Научниот совет може да донесе одлука за целосно или делумно стипендирање на студенти врз основа на претходно утврдените критериуми за бројот и начинот за избор на стипендисти.

НАПРЕДУВАЊЕ ВО ТЕКОТ НА СТУДИРАЊЕТО

**Член 26**

Студентот напредува во текот на студирањето, односно запишува предмети преку бројот на остварените кредити. По правило студентот запишува 30 кредити по семестар, но може да запише број на предмети кои носат минимум 18 кредити, но не повеќе од 42 кредити во семестар.

**Член 27**

Условите и упатствата за организацијата и начинот на студирање ги уредува Институтот.
Овие упатства треба да му овозможат на студентот насочување во смисла кои предмети прво треба да ги полагам за потоа да запише други предмети кои сака да ги полага.

ПРЕМИН ОД ЕДНА НА ДРУГА СТУДИСКА ПРОГРАМА НА ВТОР ЦИКЛУС СТУДИИ

**Член 28**

Студентот може да премине од една на друга студиска програма на втор циклус студии во рамките на Институтот.
Одлука за можноста и за условите за преминување од една на друга студиска програма носи Научно-наставниот совет на Институтот.

**Член 29**

Постапката за признавање на положени испити (освоени ЕКТС кредити) при премин од една во друга студиска програма, Институтот ги следи принципите на болоњскиот процес и овозможува мобилност и транспарентност во постапката на признавање кредити стекнати на друга акредитирана високообразовна институција од земјата и странство. Принципите и постапките на процесот на признавање кредити според ЕКТС е пропишан со посебен Правилник за определување и пресметување кредити (ЕКТС) на Институтот за општествени и хуманистички науки –Скопје.

МОБИЛНОСТ НА СТУДЕНТИТЕ

**Член 30**

Студентите имаат право и можност да запишат и полагаат предмети на други студиски програми на Институтот и на други високообразовни институции од земјата и странство, врз основа на програма за мобилност на студенти.
Начинот и условите за остварување на мобилност поблиску се дефинирани со Упатството на Институтот за мобилност на студентите од една на друга студиска програма на Институтот, односно од една на друга високообразовна институција во земјата и странство.

ПОМОШНИ/АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБИ

**Член 31**

Академскиот координатор, координаторот за програмата Еразмус, неговиот асистент и библиотекарот се обврзани да бидат потполно флексибилни, отворени и одговорни за потребите на студентите. Во административните активности исто така учествува и директорот на институцијата.

**Член 32**

Комуникацијата со студентите се одвива преку електронска пошта, онлајн формулари за специфични потреби, како и телефонски контакти. Достапноста на кадарот и нивната брза одговорност преку овие канали, заедно со индивидуализираниот пристап, овозможуваат континуиран процес на редовна размена на информации, консултации и мониторирање на развојот на студентите, прилагодувајќи се на нивните специфични потреби.

ДИПЛОМА И ДОДАТОК НА ДИПЛОМА

**Член 33**

Студентот добива диплома и уверение за завршен втор циклус студии. На барање на студентот се издава и потврда за завршени студии. Студентите кои завршиле втор циклус последипломски студии се стекнуваат со научен назив – магистер во соодветната научна област.
Како дополнување на дипломата се издава Додаток на дипломата, во согласност со принципите на ЕКТС (Diploma Supplement).

**Член 34**

Дизајнот и содржината на дипломата и уверението ги почитуваат критериумите за меѓународна препознатливост и прифатливост.

**Член 35**

Студентот може да го напушти студирањето во рамките на одредена студиска програма без да ја комплетира и за тоа може, на негово барање, да добие соодветно уверение.

**Член 36**

Одлука за изгледот на дипломата и уверението донесува Научно-наставниот совет на Институтот. Содржината на дипломата и уверението се утврдени со акт на Министерот надлежен за работите на високото образование.

**Член 37**

Промоцијата претставува свечено врачување на дипломите за завршени студии. Дипломите од вториот циклус на студии и ги врачува Деканот, односно Извршниот директор.

НАГРАДИ

**Член 38**

За посебно покажани резултати во студирањето,  студентот може да добие соодветни награди и признанија. Видот на наградите, критериумите и процедурите за нивно доделување ги утврдуваат  Научно-наставниот совет на Институтот.
Одлука за наградите ја донесува Деканот, односно Извршниот директор на Институтот.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

За толкување на одредбите од овој Правилник е надлежен Научно-наставниот совет на Институтот.

**Член 40**

За измени и дополнувања на овој Правилник се спроведува постапка иста како и при неговото донесување

**Проф. д-р Катерина Колозова**

**Извршна директорка на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ